Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| |
|---|
| **Име на материјалот:** Предлог на Закон за изменување на Законот за административните такси |
| **Усогласеност со Програмата на Владата:** Материјалот не е предвиден со Годишната програма на Владата |
| **Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**<br>ДА ДЕЛУМНО НЕ |
| **Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**<br>на првата наредна седница |
| **Доверливост на материјалот:** отворена седница |
| **Итност на материјалот:** |
| **Прилог :**<br>Меморандум<br>Образец за проценка на фискалните импликации<br>Образец за проценка на влијание на регулативата<br>Предлог на Закон<br>Мислења |

| | |
|---|---|
| **Дата на доставување на материјалот:**<br>**__.__.2012 година** | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА<br>И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески |

Изготвил:
Марина Димоска
Одобрил:
Борче Смилевски
Согласен : Наташа Стојмановска

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за
изменување на Законот за административните такси

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА
И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
м-р Зоран Ставрески

ПОТПИС:

Скопје, _____2012 година

**1.Осврт по материјалот:** Со Предлогот на Законот за изменување на Законот за административните такси се предлага намалување за 50% на висината на административната такса која се наплатува за поднесено барање за издавање на одобрение за градење на градби од втора категорија и за поднесено барање за издавање на решение со кое се одобрува архитектонско-урбанистички проект. Исто така, со предложените законски измени се врши и усогласување на Тарифата на административните такси со одредбите од Законот за градење.

**2. Разгледани можни решенија ( за-против аргументи):**

**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:** За измените на Законот беа консултирани Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Министерството за транспорт.

**4. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија**

**5. Решение кое се препорачува (со образложение):** Владата на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот на Законот за изменување на Законот за административните такси

**6. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат**: нема фискални импликации

**7. Очекувани влијанија:**

**8.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**

**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување на Законот
за административните такси

Скопје, 2012 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за административните такси го уредува плаќањето на административните такси за списите и дејствата во управните работи кај органите на државната управа, органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, како и за другите предмети и дејства кај органите на државната управа и другите државни органи и организации во Република Македонија, како и кај дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Административните такси се плаќаат во висина пропишана со Тарифата за административните такси која е составен дел на Законот.

Измените на Законот за административните такси произлегуваат од потребата од намалување на административните трошоци во постапката за издавање на одобрение за градење, преку намалување на висината на административната такса која се плаќа од страна на лицата кои поднесуваат барање за добивање на одобрение за градење на категорија на градби од локално значење. Исто така, причина за изменување на Законот е и потребата за негово усогласување со одредбите од Законот за градење.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложените измени на Законот за административните такси е намалување на висината на административната такса која се наплатува од страна на надлежните органи за секое поднесено барање за издавање на одобрение за градење на градби кои се од локално значење.

Предлог Законот за изменување на Законот за административните такси ги содржи следниве решенија:

- намалување за 50% на висината на административната такса која се плаќа за поднесено барање за издавање на одобрение за градење и за издавање на решение со кое се одобрува архитектонско- урбанистички проект и урбанистички проект;
- намалување на висината на административната такса за поднесено барање за издавање на одобрение за поставување на времени објекти и урбана опрема и
- усогласување на Тарифата на административни такси со одредбите од Законот за градење, особено со членот 57 од овој закон кој предвидува постоење на прва и втора категорија на градби.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложените измени на Законот за административните такси не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија, бидејќи административните такси кои се предлага да се намалат не се приход на централниот буџет, но истите ќе предизвикаат намалување на приходите на општините.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведувањето на Предлог Законот за изменување на Законот за административните такси не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот
за административните такси

Член 1

Во Законот за административните такси ("Службен весник на Република Македонија", број 17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10 и 17/11), во членот 37, во Тарифата на административните такси, во точката 5. Градежни такси, Тарифниот број 85 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| "За поднесено барање за издавање на решение со кое се одобрува архитектонско- урбанистички проект | 1.500" |

Тарифниот број 86 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| "За поднесено барање за издавање на одобрение за подготвителни работи: | |
| - на градби од прва категорија | 2.500 |
| - на градби од втора категорија | 1.500 " |

Тарифниот број 87 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| "За поднесено барање за издавање на одобрение за градење за доградба, надградба и реконструкција на постоен објект: | |
| - градби од прва категорија | 2.500 |
| - градби од втора категорија | 1.000" |

Тарифниот број 88 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| "За поднесено барање за издавање на одобрение за градење: | |
| - на градби од прва категорија | 3.500 |
| - на градби од втора категорија | 1.500" |

Тарифниот број 89 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| “1. За поднесено барање за издавање на решение за адаптација и пренамена на постоен објект: | |
| - градби од прва категорија | 1.500 |
| - градби од втора категорија | 800 |
| 2. За поднесено барање за издавање на решение за изведување на градби, односно поставување на опрема за градби за кои не е потребно издавање на одобрение за градење | 800“ |

Тарифниот број 90 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| “За поднесено барање за издавање на одобрение за употреба: | |
| - на градби од прва категорија | 4.000“ |

Тарифниот број 91 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| “За поднесено барање за издавање на решение за промена на инвеститор: | |
| - градби од прва категорија | 2.500 |
| - градби од втора категорија | 1.000“ |

Тарифниот број 92 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| “За поднесено барање за издавање на решение со кое врши измена на градбата во текот на градење: | |
| - на градби од прва категорија | 2.500 |
| - на градби од втора категорија | 1.000“ |

Во Тарифниот број 93 бројот “1.500“ се заменува со бројот “1.000“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Предлог Законот за изменување на Законот за административните такси се предлага измена на одредбите на неколку тарифни броеви од Тарифата на административни такси.

Имено, измените на тарифните броеви 85 до 92 се извршени во насока на нивно усогласување со одредбите од Законот за градење, во делот кој се однесува на: категориите на градби, издавањето на одобрение за подготвителни работи, решение за измена на градбата, за изведување на градби, за адаптација и пренамена на постоен објект и за одобрение за доградба, надградба и реконструкција на постоен објект.

Заради намалување на вкупните трошоци во постапката за добивање на дозвола за градење, со Законот се предлага административната такса која согласно постојниот тарифен број 88 се плаќа за поднесено барање за издавање на одобрение за градење на градби од втора категорија (градби од локално значење) да се намали за 50%. Во оваа насока е и измената на тарифниот број 86 кој ја пропишува висината на административната такса која се наплатува за поднесено барање за издавање на решение со кое се одобрува архитектонско-урбанистички проект како документ кој е потребен за добивање на одобрение за градење. Исто така со Законот се предлага и намалување на административната такса која таксените обврзници ја плаќаат за поднесено барање за издавање на одобрение за поставување на времени објекти и урбана опрема.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените измени на Законот административните такси се меѓусебно поврзани со одредбите од постојниот закон со оглед на тоа дека се однесуваат на иста правна работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените решенија ќе придонесат да се намалат административните трошоци во постапката за издавање на одобрение за градба, а со тоа и ќе се зголеми интересот на инвеститорите за градење на објекти од локално значење.

Исто така одребите на Законот за административни такси ќе бидат усогласени со постојните одредби од Законот за градење.

ТЕКСТ
на одредби од Законот административните такси
кои се изменуваат

**Член 37**

ТАРИФА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ
А. За списите и дејствата кај органите на
управата во Република Македонија

Тарифен број 85

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на решение со кое се одобрува архитектонско- урбанистички проект и урбанистички проект | 3.500 |

Тарифен број 86

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на решение за локациски услови за градење: | |
| - на градби од прва категорија | 3.500 |
| - на градби од втора категорија | 3.000 |
| - на градби од трета категорија | 2.500 |
| - на градби од четврта категорија | 2.000 |
| - на градби од петта категорија | 1.500 |

Тарифен број 87

| | |
|---|---|
| 1) За акт со кој се одобруваат услови за градба за реконструкција, доградба и надградба на градежни објекти | 500 |

Тарифен број 88

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на одобрение за градење: | |
| - на градби од прва категорија | 3.500 |
| - на градби од втора категорија | 3.000 |
| - на градби од трета категорија | 2.500 |
| - на градби од четврта категорија | 2.000 |

| | |
|---|---|
| - на градби од петта категорија | 1.500 |

Тарифен број 89

| | |
|---|---|
| 1) За акт со кој се одобрува: | |
| а) поправка на градежен објект | 500 |
| б) реконструкција, доградба и надградба на градежен објект | 800 |
| в) пренамена од еден вид во друг вид на деловен простор | 1.000 |
| г) пренамена од станбен во деловен простор | 1.500 |

Тарифен број 90

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на одобрение за употреба: | |
| - на градби од прва категорија | 4.500 |
| - на градби од втора категорија | 4.000 |
| - на градби од трета категорија | 3.500 |
| - на градби од четврта категорија | 2.500 |
| - на градби од петта категорија | 2.000 |

Тарифен број 91

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на решение со кое се менува инвеститорот | 2.500 |

Тарифен број 92

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на решение со кое се потврдува дека Анексот на Основниот проект е изработен во согласност со важечките прописи, нормативи и стандарди за градби за кои не е потребно издавање на одобрение за градење | 3.000 |

Тарифен број 93

| | |
|---|---|
| 1) За поднесено барање за издавање на одобрение за поставување на времени објекти и урбана опрема | 1.500 |

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| **1.Назив на предлогот:**<br>Предлог на Закон за изменување на Законот за административните такси | **2.Министерство / орган на државна управа :**<br>Министерство за финансии | |
| **3.Цел на предлогот:**<br>Усвојување на предложените измени на Законот за административните такси | **4.Вид на предлог:** Предлог на Закон за изменување на Законот за административните такси | |
| **5.Контакт лице и звање:**<br>Борче Смилевски<br>Раководител на сектор | **6.Контакт тел./факс или е-пошта:**<br>тел. 076 445 826 | |

**7.Активност:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.Вид на барање:** | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9.Цел на барањето / предложената активност: Се предлага Владата на Република Македонија да го разгледа и усвои** Предлогот на Законот за изменување на Законот за административните такси

**10.Врска со владината програма:**

| **11.Фискални импликации:**<br>нема фискални импликации | **(илјади денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год-2013** | **Трета год. 2014** | **Четврта год. 2015** |
| А.Вкупни трошоци за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | | | | |
| Вкупно | 0 | 0 | | |
| В.Одобрени средства за предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | | | | |
| Стоки и услуги | | | | |
| Капитал | | | | |
| Трансфери | | | | |
| Вкупно | | | | |
| С.Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А) | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Плати | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D.Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е.Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| F.Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Н.Извор: ______________________________ | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **12Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **13Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г)** | | | | |
| **14Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.** | | | | |
| **15Дата на завршување на проценката** | 17.02.2012 година | | | |
| **16Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:** | | | | |
| **17,Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:** | | | | |
| **18Измени побарани од Министерството за финансии:** | | | | |
| **19Одговор на министерството-предлагач:** | | | | |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">20Одговор од Министерството за финансии:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">21Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Одобрено/Дата:<br>____________________________<br>Потпис на државен секретар</td><td>__/__/2012</td><td>______________________<br>Потпис на министерот</td><td>__/__/2012</td></tr>
</table>